ИИ645

Дневник 2.7.1998, 689, 9,

СТАВ

# СВАДБА ВО СВЕТЛИНАТА НА ЗЛАТНОТО ТЕЛЕ

*Најпосле од лутина (или немоќ) ѝ отвори рана на сликата што го прикажуваше неговиот Бог; а замисли си што ќе му направеше ако го најдеше.*
*Леонардо да Винчи*

Во музејот на современа уметност во Скопје, Република Македонија, во дел од неговите простории, деновиве се случи свадба! Имено, дирекцијата на таа водечка институција од музејски карактер, низ која се следат и афирмираат само "современите" ликовни движења, притисната од "граѓанската демократија во транзиција", ќе им издаде дел од своите простори на "видни и значајни бизнисмени", кои, ете под покривот на музејот решиле да ја соединат својата крв. Нивните деца ќе склучат брак! Нека им е честито!

Според зборовите на "досетливиот" директор, бизнисмените и нивната свадба се "спонзори" што ќе му помогнат на музејот во неговата "функционалност". Не, нема да откупат слики или скулптури, или можеби и тоа ќе го сторат ако ги зафати жед за уметнички дела покрај ексклузивните пијалаци и мезиња; соодветно според потребите на музејот, ќе се оддолжат! Како што рече директорот во "Мала сцена и височина", емисија од културата и уметноста на ТВ Сител: "Да почекаме и да видиме што ќе се случи". Патем, тој ни кажа дека има можност во исти такви институции да биде присутен на разно-разни коктели и закуски и дека во тоа нема ништо невообичаено. И навистина нема, освен чувството дека, ете, „сте еден од избраните!“ Тој, како што понатаму изјави, знае само за дел од договорената програма помеѓу свадбарите и „стручните тела“ на музејот.

(Инаку, сите добро знаеме дека тоа здание доминира над престолнинава со својата местоположба. Особено ноќе тоа нуди мошне возбудлива, романтична глетка; и згора на тоа таму постојано дува ветер и секој алкохол брзо испарува...)

Во спомнатата емисија на ТВ Сител, директорот нѐ извести дека за ова „спонзорство“ се консултирал со министерот за култура на Македонија и тој му искажал поддршка. А зошто и да не, и така Музејот за современа уметност и ликовните творци, се разбира, со „мали“ исклучоци, одамна не се во „неговиот ресор“.

**_Музеите ќе ги издаваат своите простори за свадба; црквата ќе реди столови пред иконостасот во централниот храм и со аплауз ќе ги поздравува разно-разните промоции на „духовни писанија и музики“; патем ќе дозволи пред иконостасот да се слика и по некоја манекенка во нагласено мини; и небото ќе го изнајмиме за „одбранбените“ најсовремени оружја; а којзнае, можеби и земјава веќе е под наем! И тоа „за да се фати чекор со Европа“_**

(Инаку министерот, според неговата ликовна култура, умее да држи мошне темелни и чувствителни говори, кога се во прашање "светски познати ликовни творци" од типот на тие што си го сечат стомакот цртајќи на него ѕвезда петокрака).

Да, тешки, сложени, но и „возбудливи“ времиња!

Дваесеттиот век е при крајот, а, ете, она што нам ни се случува најверојатно ќе остане како своевиден запис за „неодминливото и темелно значење на културата и уметноста“. Та нели е тоа нашиот духовен пасош за влегување во „европските и светските интеграциски процеси“? А токму тие го прават билетот скап. Музеите ќе ги издаваат своите простори за свадба; црквата ќе реди столови пред иконостасот во централниот храм и со аплауз ќе ги поздравува разно-разните промоции на „духовни писанија и музики“; патем ќе дозволи пред иконостасот да се слика и по некоја манекенка во нагласено мини; и небото ќе го изнајмиме за „одбранбените“ најсовремени оружја; а којзнае, можеби и земјава веќе е под наем! И тоа „за да се фати чекор со Европа“.

(Сиромаштијата притиснала како менгеме. Стотици млади луѓе се невработени. Исто толку се иселуваат. Се раѓаат бебиња со „чудни недостатоци“. Дрогата и сидата одамна се населија...)

Не сум сигурен и немам податоци дали Лувр или галеријата Тејт ги отстапиле своите простори за свадби; или Нотр Дам - за да се снимаат спотови. Ако не го направиле тоа, готов сум да се „посомневам“ во нивната имагинација. Ете така дирекцијата на нашиот музеј го разбира спонзорството, и, се разбира, со право ќе го очекува она што им е ветено. Министерството се согласило, сватовите се среќни и задоволни; а како се чувствуваат младите, тоа само Господ го знае! Но, сега со право се прашувам каде се тука сликарите, скулпторите и графичарите? Само во ДЛУМ ги има повеќе од триста, а на тие во другите градови не им се знае бројот...

Еден од „ударните концепти“ на музејот со години се инсталациите, перформансите и проектите со куратори и кураторки! А тој „тип на уметност“ се изведува во темни подруми и оштетени објекти! Така нема повеќе потреба за вистински изложувачки простор, кој бара и соодветна опрема!

Сликарите се мртви, да живеат бизнисмените!

Во времињата што се „зад нас“ музејските здания беа храмови и светилишта на духот; жива историја за универзалноста на творечкиот чин. А такви сѐ уште има низ Европа! Но, очигледно ние не сме загледани во таквите, а и што ќе ни се, кога „немаме“ во нив што да изложиме...

Нашиот народ секогаш вистински разговарал со Бога. И верувал во него! Направил прекрасни резби; исткајал волшебни килими, живописал живи слики по светите храмови; испеал песни што ја слават неговата судбина; раскажал приказни и легенди какви што нема ниту во „1001 ноќ“, напишал огнени слова за богатството на сопствената мисла; изградил живи куќи со шишмир порти; одамна тој е во Европа и тоа во таа што сѐ уште не решила своите реликвии да ги изнајми за свадби, приеми и џет-сет дружби! Па кои се тогаш овие што ѝ отвораат рани на неговата божја слика? И навистина, што би му сториле тие на тој „стар“ Бог кога би го сретнале?

Нека е проклета сега и секогаш светлината на златното теле!

**Владимир Георгиевски, сликар**

Редакцијата на „Дневник„ не се согласува со сите мислења и ставови изнесени во рубриката „Форум„, но чини сѐ тие да ѝ бидат достапни на јавноста. Одредени текстови не се лекторираат заради задржување на автентичниот авторски израз.